*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УпIБр. 18/24-360*
*3.09.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета по изготвен Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 05.01 со намена А-Домување,Општина Штип**

Границите на опфатот се движат по:

- од исток осовина на корито на р.Брегалница,
- Од север осовина на ул Гоце Делчев
- Од запад и од југ - граница на наменска зона од ГУП

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 75 005.98m2.

Јавната анкета и јавната презентација за Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 05.01 со намена А-Домување,Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 22 септември 2025 (понеделник) до 3 октомври 2025 год (петок), а јавната

презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 26 септември (петок) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма**.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*